Република Северна Македонија
**Министерство за правда**
Сектор за општи работи

Nikola Tupancheski
Digitally signed by Nikola Tupancheski
Date: 2022.09.07 10:22:44 +02'00'

Бр. 05-1853/2
Скопје, 16-06-2022 година

Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 05-271/1 од 25.01.2022 година, **министерот за правда д-р Никола Тупанчески** ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## За јавна набавка на услуги - Набавка на услуги за одржување и терхничка поддршка за ИП телефонија

1. За потребите на Министерството за правда, потребно е да се спроведе постапка од мала вредност за јавна набавка на услуги и тоа: – Набавка на услуги за одржување и терхничка поддршка за ИП телефонија.
1.1.Предмет (вид) на набавка: Набавка на услуги за одржување и терхничка поддршка за ИП телефонија
1.2. Предметот на набавка не делив на делови.

2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа Одлука се утврдуваат средства во вкупен износ од 200.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во износ 36.000,00 денари односно 236.000,00 денари со вклучен ДДВ.
Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија.

3. Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка
Постапката да се спроведе согласно член 48 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на постапка за набвка од мала вредност, за доделување на договор за јавна набавка на услуги со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која ќе заврши со спроведување на електронска аукција.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

4. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно член 99 од законот за јавни набавки економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена.

5. Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на месечна фактура.

6. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на услуги.

7. За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира Комисија за јавна набавка во состав:
претседател на Комисијата: Ацо Живковски
- членови: - Александар Кутев
- Теута Бериша
заменик претседател на комисија: Михајло Војтикив
- заменици членови: - Даниела Трпева
- Даниела Ангелова

8. Се задолжува Комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од член 79 од Законот за јавните набавки.

9. За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.

10.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/1 од 25.01.2022 година и измената на Годишен план за јавни набавки бр. 05-271/2 од 08.02.2022 година на Министерството за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на работи. Предмет на набавка е: набавка на услуги – Набавка на услуги за одржување и терхничка поддршка за ИП телефонија.

За реализација на оваа набавка ќе се употребат средства во вкупен износ 200.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во износ 36.000,00 денари односно 236.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424.

Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- Комисија за јавни набавки
- Сектор за општи работи

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
д-р Никола Тупанчески

Подготвила: м-р Марина Миновска, раководител на одделение
Контролирала: Убавка Матевска Скаловска, раководител на сектор



Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification